До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Примено: Pranuar:		04.11.2026	
Орг. Един. Nj.org.	Број: / Numer:	Прилог: Shtojce:	Вредност: Vlera:
10	4103/1		

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува:

ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво БУБА МАРА Ранко ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 2 октомври 2026 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 4 ноември 2026 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер).
6. **Претходно изречена мерка: /**
7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз радио програмскиот сервис на ТРД БУБА МАРА Ранко ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2 октомври 2026 година, на регионално ниво, **констатирано е прекршување на членот 14 од Законот за медиуми.**

Во дел од програмите емитувани на 2 октомври 2026 година, не се објавени податоците со кои: се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудио содржините, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник / уредниците на програмите, за потеклото и за датумот на продукција на аудио делата, името на медиумот од каде што е преземена содржината итн., што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Спротивно на точката 6 (*импресум за програми од сопствено производство)* од *Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците*, без импресум се емитувани:

2 октомври 2026 година

Наслов на емисијата	Период на емитување	
	Почеток	Крај
„Утринска програма” забавно информативна програма	07:00:00	12:00:00
“Вести” - информативна програма	12:04:05	12:05:23

8. Опис на прекршувањето:

Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми, радио програмскиот сервис на ТРД БУБА МАРА Ранко ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2 октомври 2026 година, во дел од емитуваните програми не ги објави податоците за импресумот што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја посебна содржина од програмскиот сервис.

9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво БУБА МАРА Ранко ДООЕЛ Скопје, и во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр. 01-4241/1 од 01.10.2025 година, да му наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

Сектор за програмски работи